Капчиња, наметки, детски хокеј палки, ракавици, наочари за сонце беа само дел од подароците кои дечињата од СОС Детското село ги добија од семејството Мареј (Murray) од САД кое е сопственик на познатиот хокеј клуб од Детроит „Ред вингс".



Помладиот син Тајлер Мареј (Tyler Murray) беше учесник во програмата „ Родум од Македонија 2017 " која **Македонскиот центар за меѓународна соработка во партнерство со** **Обединетата македонска дијаспора** ја спроведе трета година по ред во периодот од 23 јуни-14 јули 2017. Оваа програма ги поврзува младите од дијаспората со своите македонски корени преку тринеделен престој во земјата.

Македонските корени ги натераа и останатите членови од семејството Мареј да ја посетат земјата за време на програмата, а нивниот постар син **Троj Мареј** **(Troy Murray)**, кој е познат уметник во САД, на 6 јули одржа работилница за цртање во СОС Детското село. Повеќе од 25 дечиња учествуваа на неговата работилница и посветено цртаа заедно со Трој.



Неколку недели подоцна, покрај споменатите подароци, Трој на своите пријателчиња од Македонија им испрати и материјали за цртање за да продолжат заеднички да ја развиваат својата креативност. Децата го поздравија и му се заблагодарија со прекрасен цртеж.